Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 02-219/1
2. 4. 2020 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет„Св. Кирил и Методиј"воСкопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 67 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 448/2019), а во врска со Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба донесена од Владата на Северна Македонија бр. 44-2447/1 од 23.03.2020 година и Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489/2020), Деканатската управа на Факултетот за музичка уметност – Скопје, на вонредната електронска седница одржана на 2.4.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за музичка уметност – Скопје согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19

### Предмет на уредување
### Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на реализација на дејностите на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19.

Мерки на надлежните органи во Република Северна Македонија, се вонредна и кризна состојба, како и други мерки за заштита на населението од ширење на коронавирусот CoVid-19 (во натамошниот текст: Мерките).

### Настава на прв и втор циклус студии
### Член 2

Предавањата и другите активности кои ја сочинуваат наставата (вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, практика, курсеви), на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) продолжуваат да се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација.

Во зависност од содржината, структурата и природата на наставата, наставникот одлучува кои средства за електронска комуникација ќе ги користи за одвивање на наставата.

Постоечкиот распоред останува во примена за спроведување на предавањата кои можат да бидат спроведени по пат на двонасочна комуникација, односно видеоконференциски платформи.

## Средства за електронска комуникација
### Член 3

Средствата за електронска комуникација, се средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на активностите од дејноста на Факултетот, без заедничко физичко присуство на учесниците во активноста.

Средствата за електронска комуникација, можат да бидат видеоконференциски платформи, електронска пошта и други системи за електронска размена на податоци.

## Проверка на знаењата
### Член 4

Начинот на полагањето на испитите и колоквиумите за наредната јунска испитна сесија ќе се уреди дополнително во зависност од развојот на настаните и Мерките.

## Изработка на дипломска работа и магистерски и докторски труд
### Член 5

Роковите за изработка и поднесување на дипломска работа, како и магистерски и докторски труд, се запираат и не течат додека траат Мерките.

Роковите продолжуваат да течат од наредниот ден од престанокот на Мерките.

## Одбрана на дипломска работа и магистерски труд/магистерска програма
### Член 6

Постапките за оцена и одбрана на поднесените/доставените дипломски и магистерски трудови/магистерски програми, се запираат и не течат додека траат Мерките.

За дипломска работа и магистерски труд/магистерска програма за кои се исполнети условите за одбрана, одбраната може да се врши делумно или во целост и со примена на видеоконференциска платформа.

На барање на студентот, единицата може да дозволи одбраната на дипломска работа и магистерски труд/магистерска програма да се одложи до создавање на услови за нивно нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на дипломска работа и и магистерски труд/магистерска програма за кој студентот побарал одложување е 30 дена од денот на престанокот на Мерките.

## Настава на третиот циклус студии
### Член 7

Предавањата, семинарите и другите обврски од студиските програми од трет циклус студии, освен конференции, меѓународна мобилност и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација.

Во зависност од содржината, структурата и природата на наставата, наставникот одлучува кои средства за електронска комуникација ќе ги користи за одвивање на наставата.

Проверката на знаењата преку испити не може да се спроведува со примена на средствата за електронска комуникација и таа ќе се спроведе кога ќе се создадат услови за тоа.

Одбраната на докторски труд може да се врши делумно или во целост со примена на видеоконференциски платформи.

На барање на студентот, единицата може да дозволи одбраната на докторски труд да се одложи до создавање на услови за нејзино нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на докторски труд за кој студентот побарал одложување е 30 дена од денот на престанокот на Мерките.

**Одржување седници на органите на Факултетот**
**Член 8**

Седниците на органите на Факултетот ќе се одржуваат со примена на средствата за електронска комуникација.

На седниците од став 1 на овој член не може да се гласа за точки за кои е предвидено тајно гласање, освен доколку со средствата за електронска комуникација може да се применат стандардизирани/авторизирани технички решенија кои обезбедуваат контрола на тајноста и на точноста на резултатите од гласањето, за што одлука донесува органот кој треба да одлучува на седницата.

**Работа на домашни и во меѓународни проекти**
**Член 9**

Работата на домашни и во меѓународни проекти може да се врши доколку таа не е во спротивност со Мерките.

Доколку видот на работата го дозволува тоа, таа може да се одвива со примена на средствата за електронска комуникација.

**Издавање на дипломи и додатоци на дипломи и одржување промоции**
**Член 10**

Се одложува постапката за издавање дипломи и додатоци на дипломи на студентите до повлекување на Мерките, освен за дипломи и додатоци на дипломи од итен карактер.

Промоциите на дипломираните студенти нема да се одржуваат.

**Административни работи за потребите на студентите и на граѓаните**
**Член 11**

Пријавување на испити студентите го вршат по електронски пат преку iKnow системот, доколку имаат уредно запишано летен семестар во учебната 2019/2020 година.

Поднесувањето и одговарањето на барања, молби и слично, издавање потврди и други услуги за потребите на студентите и граѓаните се врши преку електронските адреси на вработените во Стручната служба на Факултетот.

**Работа на стручните и административни служби**
**Член 12**

Вработените на Факултетот по правило, ќе работат од дома.

Работните задолженија треба да се извршуваат со највисок квалитет.

Работните задачи кои не можат да се извршуваат од дома, ќе се извршуваат со доаѓање на работа, почитувајќи ги Мерките.

Контактите со странки треба да бидат сведени на минимум и да се применуваат мерките за заштита (соодветно растојание, употреба на маски, средства за дезинфекција и др.).

**Други дејности**
**Член 13**

Другите дејности кои не можат да се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација, се одложуваат до создавањето на услови за нивно нормално одвивање.

**Рок на важење на одлуката**
**Член 14**

Оваа одлука се применува додека траат Мерките.

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Влегување во сила**
**Член 15**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 16**

Оваа одлука се објавува на веб-страницата на Факултетот.

Декан,
Проф. м-р Живко Фирфов